Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 јуни 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "САН БИМ" издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги САН БИМ ДОО експорт-импорт Брвеница со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 68/26).

2. Во Прилогот, во точка 4 зборовите "30 јуни 2026 година" се заменуваат со зборовите "30 септември 2026 година".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и услуги САН БИМ ДОО експорт-импорт Брвеница, со седиште на ул. "Маршал Тито" бр.94/А Брвеница (во понатамошниот текст: Друштво), на 8 јуни 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "САН БИМ", УП1 бр.12-254/26 од 8 јуни 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 68/26).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци. Друштвото го комплетираше барањето на 15 јуни 2026 година.

Друштвото има доставено Технички извештај бр. ЕЕП 30/26-17031 од Извршен вонреден технички преглед на градба за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 1MW – објект 1 – фотоволтаична електрана "Брвеница" со инсталирана моќност на

електрана 900kW, објект 2 – Трансформаторска станица 10(20)/0,8kV на локација КП 727/3, КП 727/5, КО Брвеница – вонград, Општина Брвеница, од јуни 2026 година изработен од Стјуард Инспект ДООЕЛ Скопје Инспекциско тело, оригинал. Во извештајот е наведен следниот заклучок: Поради повторувачки технички настани поврзани со реагирање на прекуструјната заштита на нисконапонскиот прекинувач истиот исклучува после краткотрајно работење со што фотоволтаичната електрана не е во функција, со напомена по отстранување на забелешката нарачателот да го извести инспекциското тело за продолжување на постапката и повторен преглед на електроенергетската постројка.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1027/1 од 19 јуни 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 19 јуни 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на фотонапонската електроцентрала ФЕЦ “САН БИМ” издадена Друштвото за производство, трговија и услуги САН БИМ ДОО експорт-импорт Брвеница за период од три месеци.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-254/26**
**19 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**